ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија
Ул. Водњанска бр.17, 1000 Скопје
Тел.02/3-147-741
torakalna1@yahoo.com

Република Македонија
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА
И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА - Скопје
Бр. 03-111/2, 03.03. 2015 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 20__ год.
Потпис.

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Главен државен ревизор

Примено: 05.03.2015
Орг. един.: 18 226/5

**Предмет:**

Доставување на забелешки на Нацрт-извештај

Во врска со доставениот Нацрт-извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија, Ви ги доставуваме следните забелешки:

- Во однос на препораките за да се изврши изменување и дополнување на Статутот и донесување на Правилник за организација на работа и систематизација на работните места со целосен опис на работните задачи и соодветна организациона поставеност, согласно постојната законска регулатива и подзаконски акти, Ве известуваме дека во тек е изготвување на модел на Статутот на Јавните здравствени установи од страна на Министерството за здравство кое дава согласност за статутите, така да Статутот ќе се донесе по добивањето на наведениот модел;

- Во однос на Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места, ќе се пристапи кон донесување на истиот, по донесувањето на Статутот и добивањето согласност од страна на Министерството за здравство, бидејќи внатрешните организациони единици кои се предвидуваат во него, најпрво мора да бидат утврдени во Статутот на установата.

Се надеваме дека забелешките по однос на горенаведеното ќе ги земете во предвид.

ДИРЕКТОР

Проф.Др. Зоран Спировски

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА Република Македонија СКОПЈЕ